**Агенција за пошти**
Кеј „13 Ноември ”
ГТЦ кат 2 зграда 4 влез 1 локал 2
1000 Скопје

http://www.ap.mk
e-mail: info@ap.mk
тел/факс 02 3 212 107

**ДО**: **Здружение на граѓани – Центар за управување со промени**
Ул. Рајко Жинзифов бр.44/1
1000 Скопје

**ПРЕДМЕТ**: Известување за дополнување на Барање за пристап до информации од јавен карактер, доставува -

**ВРСКА**: Ваш бр. 0803-79/1 од 01.09.2022 година

***Почитувани,***

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 0803-79/1 од 01.09.2022 година, а доставено до Агенцијата за пошти на 30.09.2022 година, Ве известуваме дека е потребно истото да го дополните и прецизирате во однос на повеќе точки од Прашалникот.

Имено, доставениот Прашалник во голема мера не соодејствува со статусот на Агенцијата за пошти како независно регулаторно тело од областа на поштенските услуги, правно лице основано со Законот за поштенските услуги (во натамошниот текст: ЗПУ)[1], како самостојно и непрофитно правно лице, кое врши јавни овластувања.

Во таа насока, прашањата од 12 до 29 не соодејствуваат со организациската поставеност на Агенцијата, имајќи во предвид дека Агенцијата за пошти нема Управен и Надзорен одбор. Согласно член 13 од ЗПУ, органи на Агенцијата се Комисија и Директор. Оттаму, цениме дека е потребно е да го **дополните и измените** Прашалникот во тој дел.

Согласно член 14 од ЗПУ, членовите на Комисијата на Агенцијата за пошти ги именува и разрешува Собранието на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за прашања за изборите и именувањата на

[1] https://ap.mk/mk/zakon-postenski-uslugi

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

**Агенција за пошти**
Кеј „13 Ноември "
ГТЦ кат 2 зграда 4 влез 1 локал 2
1000 Скопје

http://www.ap.mk
e-mail: info@ap.mk
тел/факс 02 3 212 107

Собранието на Република Северна Македонија (се однесува на прашањата од 14 до 20).

Доколку прашањата број **23 и 24** од Прашалникот, се однесуваат на седници на Комисијата на Агенцијата за пошти, Ве замолуваме истите да ги **дополните, т.е. прецизирате** за која година се однесуваат бараните податоци.

Во однос на прашањата број **27 и 29**, повторно Ве упатуваме на ЗПУ каде во член 15 е регулиран надоместокот за членовите на Комисија, односно „членовите имаат право на месечен надоместок во висина до две просечни месечни плати во Република Северна Македонија според податоци објавени од Државниот завод за статистика согласно со Статутот на Агенцијата" (надоместокот не е фиксен).

Воедно, укажуваме дека табелата под број **32** која се однесува на реализација на буџет за буџетски корисници, односно бараната класификација на расходите не соодејствува на класификацијата на расходите на Агенцијата. Имено, Агенцијата за пошти се финансира од средства остварени од приходите од надоместоците предвидени со ЗПУ и донации, заеми и друга финансиска и техничка помош, притоа го води своето сметководство според Законот за сметководство за непрофитни организации. Во однос на горенаведеното, годишните финансиски извештаи, како составен дел на Годишните извештаи за работа на Агенцијата за пошти, достапни се на следниот линк: http://ap.mk/mk/izvestai.

На крај, дозволете да потсетиме дека согласно член 17 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, должни сте во рок од 3 дена од приемот на ова Известување да го дополните Барањето, во спротивно Агенцијата за пошти ќе донесе Решение за отфрлање на Барањето за пристап до информации од јавен карактер.

**Агенција за пошти**
Кеј „13 Ноември "
ГТЦ кат 2 зграда 4 влез 1 локал 2
1000 Скопје

http://www.ap.mk
e-mail: info@ap.mk
тел/факс 02 3 212 107

Исто така, Ве потсетуваме дека согласно Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за материјалните трошоци за дадената информација од имателите на информации („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/2022), Вие, како барател на информации, должни сте да го подмирите трошокот за умножување на бараните материјали.

***Срдечен поздрав,***

Службено лице Мирјана Антевска,
Раководител на Директорат за координација на
работата на Директорот и на Комисијата
на Агенцијата за пошти

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Директорка,
Билјана Аврамоска – Ѓореска

Доставено до:
- Центар за управување со промени - (на електронска адреса копија бр.1)
- Агенција за пошти (копија бр.2)